# ПЛАН ЗА РАБОТА
# НА
## АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ, ЗА 2023 ГОДИНА

декември,2022

Врз основа на член 158 - ѕ точка 9 од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/18) и (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/2019 и 31/2020 и 173/2022), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005; 70/2006; 81/2008; 47/2011; 135/2011, 112/2014 и 145/2015) и (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.220/2019), член 13 од Статутот бр. 02-822/1 од 4.12.2019 година, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница на Совет на експерти, одржана на ден 26.12.2022 година донесе

# ПЛАН ЗА РАБОТА

**НА**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

## ВОВЕД

Во насока на спроведување на своите законски надлежности Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) изготвува оперативен годишен план. Планот има за цел да обезбеди реализација на стратешките цели на АСО преку управување со расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетот во сите сегменти од работењето и континуирано подобрување на квалитетот на работење, како и да овозможи следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки.

Активностите опфатени со годишниот план претставуваат редовни работни процеси во АСО и ќе се реализираат во текот на 2023 година, додека истиот предвидува и среднорочни активности кои се веќе започнати и за кои е потребен подолг рок за реализација.

### 1. Мисија и Визија

Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) е самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања. Во рамки на законските надлежности АСО го регулира пазарот на осигурување, врши надзор над работата на осигурителните субјекти, се грижи за заштита на правата на осигурениците и придонесува за финансиска едукација на населението и поддршка на финансиската инклузија.

### 2. Цели и програми

Во насока на спроведување на надлежностите согласно Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и другите релевантни закони, во оперативниот годишен план на АСО, креирани се следните програми и активности:

- *Одржување на законит, чесен и  траспарентен пазар на осигурување и создавање на услови за фер и конкурентен осигурителен пазар;*
- *Унапредување на правната рамка во системот на осигурување преку усогласување со нови законски барања, европски прописи, и меѓународни супервизорски принципи и стандарди;*
- *Зголемување на транспарентноста во работењето на АСО со унапредување на достапноста на информациите до сите заинтересирани страни;*
- *Континуиран развој на пазарот на осигурување преку подигнување на свеста на јавноста за важноста на осигурувањето, поголема заштита на правата на осигурениците со истовремено спроведување на финансиска едукација на населението и поддршка на финансиската инклузија;*
- *Унапредување на институционалниот и административен капацитет;*
- *Идентификување и соодветно управување со ризиците во работните процеси;*
- *Развивање на партнерски односи со регулаторните тела на финансискиот сектор во земјата и промовирање меѓународна соработка со супервизорски тела од областа на осигурувањето;*

Во својата работа АСО ги почитува и принципите и начелата на корпоративна општествена одговорност како единство на сите економски, правни, етички, дискрециони очекувања што општеството ги има кон правните субјекти.

## 3. Организациска поставеност

Орган на Агенцијата е Советот на експерти кој се состои од пет члена од кои еден е претседател. Вработените во АСО се распоредени во 2 независни дирекции, 3 стручни служби и 9 дирекции во рамки на службите и 2 генерални советници.
Со годишниот план за вработување во 2023 година, АСО предвидува зголемување на бројот на вработени и кариерно унапредување.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, Советот на експерти има надлежност да:

- донесува подзаконски акти и други акти во насока на пропишување на услови, начин и процедури за спроведување на супервизијата;
- одлучува за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања;
- изрекува мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои согласно закон, супервизија спроведува АСО;
- донесува статут; финансиски извештаи и финансиски план, тарифник, годишни планови за работа на АСО;
- донесува извештаи за состојбата на пазарот на осигурување и годишни извештаи за работењето на АСО;

## 4. Стратегиско планирање и управување со ризици

Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) спроведува политика за квалитет како составен дел на нејзината мисија и визија и се заснова на воспоставување и одржување на механизми за континуирано подобрување на нејзините активности. Во својата работа АСО се раководи и ги применува принципите на одговорност, стручност, чесност и транспарентност.

Процесот на управување со ризици во АСО ги вклучува сите области од работењето, заради обезбедување континуитет во работата, унапредување на процесите на усогласеност, следење на нова легислатива, управување со оперативни ризици, носење на издржани одлуки, обезбедување сигурност на информацискиот систем, заштита на лични податоци и сл.

## 5. Внатрешна ревизија

Активностите на внатрешна ревизија ќе се одвиваат согласно планот за внатрешна ревизија за 2023 година преку систематски, дисциплиниран и ризик-базиран пристап на работа, со цел придонесување за подобрување на процесите на раководење, управување со ризик, одржување на ефективни контроли во справувањето со ризици, во однос на:

- Остварувањето на стратешките цели;
- Усогласеност со законите, прописите, политиките, процедурите и договорите;
- Ефективноста и ефикасноста на работењето на програмите;
- Веродостојноста и интегритетот на финансиските и оперативните информации;
- Заштитата на средствата.

## 6. Информатичка технологија и информациски систем

Во периодот како тековна активност ќе се врши координација на одржувањето на целокупаната ИТ опрема и информациските системи во АСО.

## 7. Законска и подзаконска рамка

Согласно приоритетите во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), во текот на 2023 година, АСО во соработка со Министерството за финансии ќе продолжи со активностите насочени кон подготовка на нова законска и подзаконска регулатива во областа на осигурувањето, усогласена со Солвентност 2 Директивата и останата регулатива на Европската Комисија во рамки на Солвентност 2, а кои беа започнати во 2019 година. Исто така, во рамки на соработката со министерството, АСО ќе учествува во работна група и ќе даде придонес во подготовката на нова законска регулатива од областа на посредување во осигурување усогласена со Директивата за осигурителна дистрибуција (Insurance Distribution Directive). Во овој контекст е и учеството и придонесот на АСО во работните тела (поткомитети) помеѓу Европската Унија и нашата држава, а во рамки на поглавје 09 Финансиски услуги и поткомитетот за економски критериуми.

АСО континуирано работи на зајакнување на политиките за заштита на правата и интересите на осигурениците. Во насока на имплементација на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија АСО директно е вклучена во работна група за изработка на ново законско решение за заштита на правата на потрошувачите на финансиски услуги и воедно, учествува со свои предлози и насоки за измена на постојни закони со цел поефикасна заштита на правата на осигурениците, обезбедување финансиска едукација и поголема финансиска инклузија на населението.

На основа на анализа за идентификувана потреба од измени и дополнување на подзаконската регулатива, во текот на 2023 година АСО ќе спроведе измени и дополнување на сет на подзаконски акти како правилникот од доменот на реосигурување, зајакнување на постапката за издавање на актуарска потврда, постапката за спроведување на оценка на соодветност на член на надзорен орган на друштвата за осигурување, правилникот за начин, постапка и документација потребна за добивање согласности и

др. Во функција на подобра заштита на правата на осигурениците планирано е дополнување на правилникот за начинот на постапување по претставки поднесени до АСО од осигуреници, корисници на осигурување и од трети оштетени лица и измена на правилникот за штети.
Согласно Законот за финансиска стабилност и членството на АСО во работата на Комитетот за финансиска стабилност како меѓуинституционално тело одговорно за следење на спроведување на макропрудентната политика, АСО како регулатор на осигурителниот сектор ќе изготви индикатори заради следење на финансиската стабилност и навремено интервенирање за спречување на финансиска криза во осигурителниот сектор. Додека согласно Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, во план е да се спроведе измена и дополнување на упатството наменето за субјектите на осигурителниот пазар.
Во функција на подобра заштита на правата на осигурениците планирано е дополнување на правилникот за начинот на постапување по претставки поднесени до АСО од осигуреници, корисници на осигурување и од трети оштетени лица и измена на правилникот за постапување по штети.

АСО ќе продолжи со размена на искуства и следење на меѓународните супервизорски принципи и стандарди и проактивно ќе учествува во усогласување на домашната осигурителна регулатива со европското законодавство, меѓународните практики и стандарди на регулација. Во насока на зајакнување на супервизијата АСО врз основа на констатирана потреба дава мислење, став, препорака за одредени прашања од областа на осигурувањето.

## 8. Лиценцирање на субјектите на пазарот на осигурување

Во рамки на вршење на редовната дејност согласно Законот за супервизија на осигурување, АСО континуирано ќе спроведува:

1. Постапки на лиценцирање на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување како и лиценцирање на физички лица кои вршат работи на застапување односно посредување во осигурување и актуарски работи и

2. Постапки на издавање решенија за добивање дозвола или согласност на друштвата за осигурување, а во врска со:

    - воведување на нова класа на осигурување,
    - статусни измени,
    - пренос на договори за осигурување на друго друштво за осигурување,
    - пренос на значен дел од своите активноти на друго друштво за осигурување,
    - измена на статут,
    - измена на назив и седиште,
    - именување на членови на орган на управување и
    - други работи утврдени во Законот.

## 9. Едукација

Во текот на 2023 година АСО ќе продолжи со активности за спроведување на едукација во областа на осигурување. Во рамки на унапредување и развој на дејноста посредување во осигурување ќе бидат спроведени обуки за застапници и брокери во осигурување. Оваа обука ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на пазарот на осигурителни услуги, зголемување на довербата на потрошувачите како корисници на осигурителни производи како и натамошен развој на домашниот осигуртелен пазар. Воедно АСО планира да спроведе ревидирање на наставната програма за спроведување на обука и

стручен испит за застапници и брокери како и на содржината на постојниот прирачник за застапници и брокери. Распоредот на обуки и испити АСО го подготвува согласно идентификувани потреби на пазарот.

Како резултат на заложбите на АСО за креирање на високо регулиран и стабилен осигурителен сектор во текот на 2023 година, планирано е да се спроведе нов цикслус на едукација на актуари и спроведување на стручен испит потребен за добивање дозвола за актуар.

## 10. Супервизија на осигурување

Согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, АСО ќе продолжи континуирано да спроведува теренска и вонтеренска супервизија.

Активностите на спроведување теренска супервизија се планираат согласно годишен план за спроведување на супервизија кој се изготвува врз основа на сеопфатна анализа имајќи предвид квнтитативни и квалитативни параметри од работење на пазарните субјекти, податоци од спроведени вонтеренски супервизии, податоци за број на поднесени претставки до АСО, наоди од извештаи на надворешна ревизија, поплаки од останати трети лица на пазарот на осигурување, информации добиени преку размена со надлежни супервизорски органи и други релевантни информации и податоци. Вонтеренската супервизија ќе се спроведува континуирано преку прибирање, анализирање и верифицирање на извештаите кои ги доставуваат пазарните субјекти кои се предмет на супервизија.

Супервизорските колеџи кои претставуваат платформа за соработка и комуникација меѓу супервизорите, (со цел зголемување на ефективноста на супервизијата врз друштвата за осигурување кои припаѓаат на осигурителни групации) и во 2023 година ќе бидат една од алатките на супервизорите во процесот на обезбедување на корисни информации и податоци за работењето на друштвата за осигурување.

## 11. Активности за имплементација на националната Финтек стратегија за регулатори

Промените кои се случуваат на финансиските пазари во смисла на користењето на нови технолошки решенија во фазата на креирање на производите, нивната дистрибуција, маркетинг и користење од страна на потрошувачите налагаат промени и во Агенцијата, во смисла на идентификување на потребата од промени во регулативата и супервизијата, а со цел да се олесни влезот на иновативни технолошки решенија на пазарот на осигурување со цел подобрување на осигурителните услуги и понатамошен развој на осигурувањето.

За таа цел, Агенцијата е вклучена на сите организациски нивоа, вклучувајќи го врвното раководство, во работата на меѓуинституционални тела и работни групи на регулаторни органи на финансискиот пазар, со цел ефикасна примена на националната ФинТек стратегија.

Во текот на 2023 година очекуваме идентификување на клучните потреби од промени во регулативата, поголемо користење и развој на Порталот за финансиски иновации и идентификување на првата група на субјекти кои ќе имплементираат новини во дејноста.

Дигитизацијата и дигитализацијата на основните процеси на работење во друштвата за осигурување е дел од нивните стратешки определби и истата во некои друштва е веќе започната. Агенцијата соодветно на трендовите воспоставува регулатива и техники преку кои ја следи транзицијата со цел одржување на стабилноста на осигурителниот пазар и негов понатамошен развој.

## 12. Заштита на осигуреници, финансиска едукација и финансиска инклузија

Заштитата на осигурениците како потрошувачи на финасиски услуги и финансиската едукација се комплементарни сегменти, кои треба да ја поддржат финансиската инклузија. Притоа, основен предуслов за поголема финансиска инклузија е здрав, стабилен, ефикасен финансиски систем и развиен и здрав осигурителен пазар како сегмент од финансискиот систем на една земја.

Една од стратешките цели на АСО е развој на осигурителниот пазар и создавање на поголема осигурителна култура кај населението заради препознавање на предностите што ги носи осигурувањето како најефикасен механизам за компензирање на потенцијални финансиски загуби од се почестите случувања на ризици, а особено ризиците кои произлегуваат од климатските промени.

Во овие рамки АСО делува на повеќе нивоа:

Превентивно делување кое се манифестира преку директна и индиректна супервизија на субјектите од страна на Агенција за супервизија на осигурување (АСО) со цел да обезбеди дека друштвата за осигурување ги почитуваат релевантните закони;
Развивање на свеста за ризиците поврзани со инвестирање во осигурување, правата и обврските кои произлегуваат од осигурување, механизмите за заштита на правата; и
Континуирано едуцирање на населението преку обезбедување на релевантни информации преку веб-страницата и едукативниот портал на АСО, со објавување на едукативни текстови, брошури, публикации, прирачници и упатства, соопштенија, извештаи и податоци во врска со работењето на друштвата за осигурување и другите лиценцирани осигурителни субјекти, извештаи за работењето на АСО, новини во работењето и сл.

Во делот на заштита на осигуреници, АСО перманентно постапува по добиени претставки од осигурници, корисници на осигурување и трети оштетени лица. Со цел обезбедување на стабилност на секторот и поголема транспарентност, и во идниот период ќе продолжиме со активности за навремено добивање на потребните информации од страна на осигурениците и ќе подготвуваме циркуларни дописи со појаснување и насоки за осигурителните субјекти. Во насока на зголемување на довербата на населението, ќе ја промовираме улогата на друштвата за осигурување и посредниците во зголемување на финансиската свест на потрошувачите и ќе ги поттикнуваме, финансиската писменост да стане дел од нивното корпоративно управување преку зајакнување на политиките на комуникација и транспарентност, одговорно управување со претставките, пружање на фер услуги за осигурениците и веродостојни продажни информации и практики.

Имајќи предвид дека процесот на финансиска едукација и писменост е долгорочен, во претстојниот период АСО ќе продолжи со активности со цел:

- подобро разбирање на концептот на осигурување и ризиците, зајакнување на вештините на потрошувачите ( физички лица, правни лица, домаќинства, ученици) за донесување одлуки во однос на правилен избор на осигурителен производ и услуга согласно нивните потреби,
- зголемување на свесноста кај населението за предностите од користење на осигурување и останати финансиски производи и услуги,
- поддршка на финансиската инклузија, преку натамошен развој на пазарот на осигурување, обезбедување навремени и релевантни информации околу осигурителните производи и услуги, обезбедување механизми за заштита на правата на потрошувачите во финансискиот сектор;
- зајакнување на свесноста за барање дополнителни информации, како и потребата за постојана едукација во областа на финансиите и иновативните производи, како исклучиво динамична област од економијата;

- промоција на добрите практики во доменот на финансиската едукација и финасиската инклузија;
- промовирање на улогата на друштвата за осигурување и посредниците во осигурување во финансиската едукација;
- придонесување за подобрување на законската регулатива и институционална поставеност заради воспоставување подобар систем на заштита на правата на потрошувачите во областа на финансиите.

## 13. Развој на инфраструктурните и административни капацитети

Кадровската оспособеност на АСО е предуслов за квалитетно и ефикасно вршење на работите кои произлегуваат од законските надлежности. Годишниот план за вработување ги предвидува потребите на АСО од различни профили на вработени. Во текот на годината, а согласно идентификувани потреби за усовршување на кадарот ќе се спроведуваат специјализирани и генерички обуки, присуство на семинари и конференции, студиски посети и сл. Во оваа насока се и редовните едукативни програми и тренининзи кои ќе произлезат од Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), Европското тело за супервизија (ЕИОПА), Банката за меѓународни порамнувања (BIS), Мегународната мрежа за финансиско образование и едукација (ОЕЦД-ИНФЕ) и сл.

## 14. Проектни активности и организирање на настани

Активности поврзани со проекти и организирање на настани согласно планот за работа се спроведуваат со цел да се истакне одредена новина во работењето, да се промовира улогата на АСО, да се обезбеди поголема транспарентност во работењето и да се зголеми довербата на јавноста.

Во текот на 2023 година овие цели АСО ќе ги реализира преку следните активности и настани:

13.1 Одбележување на Ден на осигурување, 1 ноември како симбол на континуираната активност на АСО за подигнување на свесноста на јавноста за важноста на осигурувањето и неговата функција во обезбедување на финансиска сигурност на поединците, семејствата, компаниите. Овој ден ја одбележува и годишнината од основањето на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО);

13.2. Организирање настани за претставници од осигурителната заедница на стручни теми, преку работилници, панел дискусии, тркалезни маси, трибини и сл;

13.3. Спроведување квантитативно истражување на пазарот со цел проценка на нивото на информираност на јавноста за функцијата и улогата на АСО како надлежна регулаторна институција и информираноста на осигурениците за придобивките од осигурувањето и механизмот за заштита на нивните права и интереси;

13.4. Активности во рамки на регионалниот проект за заштита од катастрофални ризици и природни катарстрофи, ЕВРОПА РЕ поврзани со развој и воспоставување на сеопфатен национален систем на земјоделско осигурување;

13.5. Активности за имплементација на националната стратегијата за финасиска едукација, финансиска инклузија за периодот 2021-2025 година;

13.6. Натамошно унапредување на корпоративното управување и транспарентноста на друштвата за осигурување;

13.7. Учество и придонес во текот на мисијата во 2023 година која ќе се спроведува од страна на Комитетот на експерти за евалуација на мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам (MONEYVAL) за оценување на степенот на подготвеност и ефикасност на националниот систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

13.8. Објавување на Конкурс за најдобар истражувачки труд од областа на осигурувањето и управувањето со ризици и Конкурс за ученици од основно и средно образование за најдобра ликовна и литературна творба на тема осигурување;

13.9. Реализација на практична настава за студенти како и проекти од взаемен интерес и можности за стипендирање на студенти;
13.10. Подигнување на свеста кај населението за важноста на финансиската писменост преку организирање на кампањи и одбележување на бројни настани: глобална недела на пари, денови на финансиска едукација, светски ден на потрошувачи, мај-месец на финансиска писменост, издавање на едукативни брошури и материјали, спроведување на анкети и сл;
13.11. Спроведување на анализа и контрола врз примената на политиката за квалитет, со цел да се утврди усогласеноста на работењето;
13.12. Активности во рамки на корпоративна општествена одговорност преку поттикнување на волонтерство, унапредување на свеста за значењето на младите и нивната општествена улога преку организиран и систематски процес на едукација и зајакнување на учеството на младите во процесите, учество во хуманитарни акции и сл..

## 14.Соработка

Вршењето на работи во надлежност на АСО налага соработка со домашни надлежни органи и тела, регионални регулаторни и меѓународни институции.
АСО континуирано ги проширува своите партнерски аранжмани не само со потпишување на меморандуми за соработка туку и со примена на повеќе видови комуникација и работа со повеќе соработници (останати државни институции, невладини и граѓански здруженија, амбасади, медиуми, новинари), на домашно и меѓународно ниво било преку проекти, организирање и присуство на заеднички настани, предавања, размена на искуства и сл.

### - *Домашна соработка*

Соработката со Собранието ќе се одвива во функција на негово навремено известување, доставување и презентирање на финансиските извештаи и финансискиот план на АСО, годишниот извештај за работењето на АСО и годишниот извештај за состојбата и движењето на пазарот на осигурување, во врска со именувањето и разрешувањето на членови на Советот на експерти и претседателот на Советот.
Исто така, АСО ќе известува до Собранието и другите надлежни органи за системски слабости кои индицираат активности во рамки на нивните надлежности.

Со Министерството за финансии соработката ќе продолжи во домен на подготовка на нови законски решенија и иницирање на измени на законски решенија во областа на осигурувањето и супервизијата на осигурување. Додека во рамки на примена на Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам АСО ќе соработува со Управата за финасиско разузнавање и активно ќе учествува во работата на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам.

Во работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата АСО со своја експертиза ќе продолжи активно да придонесува во насока на унапредување и обезбедување квалитетен, професионален ефикасен надзор на ревизијата.

Соработката со Народната банка ќе се одвива во рамки на подготовка на Извештајот за финансиска стабилност во делот на системот на осигурување, соработка на основа на меморандумот за финансиска едукација и финансиска инклузија, соработка во рамки на стручни тела како што се комитетет за финансиска стабилност и поткомитетите во негови рамки, учество во рамки на Координациското тело за финансиска писменост и финансиска инклузија, учество во работна група за имплементирање на националната стратегија за ФинТек во делот на регулативата и супервизијата на осигурување и др.

Со еснафските организации во областа на осигурувањето како што се Здружението на осигурители и Асоцијацијата на осигурително брокерски друштва соработката се одвива континуирано, во престојниот период ќе се продлабочува и зајакнува особено во делот на истакнување на важноста на финансиската писменост и имплементирање на активностите од Стратегијата за финансиска едукација и финансиска иннклузија а сето во насока на натамошен развој на пазарот на осигурување и зголемување на довербата на јавноста во инстиуциите на пазарот. Во контекст на ова дополнително би го зајакнале дијалогот меѓу засегнатите страни преку склучување на конкретен меморандум за соработка со еснафските организации во областа на осигурување и посредување во осигурување.

Во рамки на долгогодишната соработка со партнерите, АСО продолжува да ги одржува воспоставените партнерски односи и дополнително ќе иницира активности од заеднички интерес. Континуирано, АСО ќе биде проактивна и ќе иницира соработка и размена на искуства со други релевантни тела и институции вклучувајки ја и академската заедница.

- ***Меѓународна соработка***

Во рамки на членството во Асоцијацијата на осигурителни супервизори (ИАИС) и Меѓународната мрежа за финансиска едукација при Организацијата за економска соработка и развој (ИНФЕ-ОЕЦД) АСО ќе продолжи со посветена работа. Соработката во овие рамки овозможува пристап до корисни податоци и информации, размена на знаење и искуство, развој на вештини за спроведување на супервизија, зајакнување на вештини за финансиска едукација како предуслов за поголема финансиска инклузија и развој на пазарот, размена на искуство за иновативни производи и сл.

Соработката во рамки на склучените меморандуми со странски регулаторни тела континуирано ќе се одвива не само преку размена на информации и податоци туку и преку студиски посети особено со регулаторите од регионот со цел размена на искуство на актуелни теми и прашања во рамки на работењето на сите вклучени страни.

## 15.Информирање на јавноста и транспарентност

Како независно регулаторно тело со јавни овластувања, АСО ја има утврдено потребата од комуникација со сите засегнати страни односно има должност да комуницира ефикасно со клиентите, целните групи, вработените, надлежните институции и јавноста.

Заради овозможување јасна и фокусирана комуникација со цел да се разбере важноста од почитување на Законот и заложбата за поттикнување и зајакнување на своето присуство во јавноста, АСО:

- навремено ќе ги комуницира сите релевантни активности со јавноста;
- ќе обезбедува насоки за ефикасна и ефективна комуникација со целните групи;
- ќе ја зајакнува јавната свест дека ефикасната комуникација исклучително може да помогне за постигнување на целите на АСО;
- на јасен и избалансиран начин ќе ги пренесува клучните пораки и ставови до јавноста и целните групи;
- ќе утврдува поддршка на своите цели, планови и намери.

Во насока на навремено пренесување на информации и зајакнување на практиката за комуникација со сите релевантни страни, АСО континуирано делува преку својата веб страница, порталот за финансика едукација и социјалните мрежи (facebook, linkedin, Instagram) како и преку одржување на редовни консултативни средби и состаноци.

## 16.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот за работа на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) за 2023 година влегува во сила со денот на негово донесување и ќе се применува од 1.1.2023 година. Составен дел на планот за работа е и акциски план за реализирање на активностите и програмите.

**Бр.01-921/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
**26.12.2022 година** Крсте Шајноски